**20181202295**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 јуни 2018 година.

Бр. 08-4001/1
26 јуни 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Член 1

Во Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16), во членот 8 став (3) по зборовите: „условите на вработување” се додаваат зборовите: „и во правата и обврските од работен однос”.

Член 2

Во членот 18 став 2 зборовите: „четири часа дневно” се заменуваат со зборовите: „два часа дневно, односно не подолго од 12 часа неделно, а за време на училиштен распуст не подолго од шест часа дневно, односно не подолго од 30 часа неделно, при што задолжително треба да му се обезбедат две непрекинати работни недели на одмор”.

Член 3

Во членот 23 став (1) во алинејата 6 зборот „пет” се заменува со зборот „три”.

Член 4

Во членот 28 став (1) во воведната реченица зборот „особено” се брише.

Член 5

Во членот 60 став (2) во првата реченица зборот „шест” се заменува со зборот „четири”.

Член 6

Насловот на членот 73 и членот 73 се менуваат и гласат:

„Постапка пред отказот поради лични причини
на страна на работникот

Член 73

Пред откажување на договорот за вработување од лична причина на страна на работникот, под условите од членот 80 од овој закон, работодавачот мора писмено да го предупреди работникот за неисполнувањето на обврските и можноста за отказ во случај работникот да не го подобри своето работење.“.

Член 7

Во член 76 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Престанокот на работниот однос од ставот (1) точка 3) на овој член, се врши врз основа на потребата за ефикасно функционирање на работата на работодавачот, стручната подготовка и квалификација на работникот, неговото работно искуство, успешноста на работењето, видот и значењето на работното место, работниот стаж и други критериуми утврдени со колективен договор, како и критериуми за заштита на инвалидни лица, самохрани родители и родители на деца со посебни потреби на кои им престанува работниот однос по истиот основ.”.

Член 8

Во членот 80 сврзникот „или” се заменува со сврзникот „и”, а по зборовите: „рокот утврден од работодавачот,” се додаваат зборовите: „кој не може да биде пократок од 15 дена, од денот на приемот на писменото предупредување“.

Член 9

Во членот 88 став (1) во првата реченица по зборот „месец”, точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен во случаите утврдени во членот 100 став (1) од овој закон.”.

Член 10

Во членот 94 став (2) зборот „шест” се заменува со зборот „три”, а бројот „12” се заменува со зборот „шест”.

Член 11

Во членот 96 по став (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Ако работодавачот го откаже договорот за вработување поради деловни причини, не може на истите работи, со иста стручна подготовка и занимање да вработи друг работник, во рок од две години од денот на престанокот на работниот однос.

(4) Ако пред истекот на рокот од ставот (3) на овој член, настане потреба за вршење на истите работи, предност за склучување на договор за вработување има работникот на кој претходно му престанал работниот однос.”.

Член 12

Во член 97 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини, работодавачот е должен на работникот да му исплати испратнина и тоа:

1) до пет години поминати во работен однос - во висина од една нето плата,

2) од пет до десет години поминати во работен однос - во висина од две и пол нето плати,

3) од десет до 15 години поминати во работен однос - во висина од три и пол нето плати,

4) од 15 до 20 години поминати во работен однос - во висина од четири и пол нето плати,

5) од 20 до 25 години поминати во работен однос - во висина од шест нето плати и

6) над 25 години поминати во работен однос - во висина од седум нето плати.".

Член 13

Во член 104 ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Писмената изјава од ставот (2) на овој член, работникот ја дава најдоцна до 31 август во годината којашто и претходи на годината во која ги исполнува условите од ставот (1) на овој член. За секое натамошно продолжување на договорот за вработување од ставот (2) на овој член, изјавата ја дава еднаш годишно, а најдоцна до 31 август во годината којашто и претходи на годината за која се бара продолжување на договорот за вработување.".

Член 14

Во членот 114 процентот „40%" се заменува со процентот „70%".

Член 15

Во членот 128 став (3) во точката 2 по зборот „храна" се додаваат зборовите: „или надоместок на трошоци за исхрана во висина од 20% од просечната нето плата по работник исплатена во Република Македонија во претходната година, сразмерно за деновите кога работникот работи ноќе,".

Ставот (5) се менува и гласи:

„(5) Доколку нема јавен превоз, работодавачот, не смее да го распореди на ноќна работа работникот на кој нема да му обезбеди услови за превоз до и од работа.".

Член 16

Во член 138 ставот (3) се брише.

Член 17

Во членот 141 став (3) зборовите: „12 работни дена" се заменуваат со зборовите: „две непрекинати работни недели".

Член 18

Времетраењето на пробната работа до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе заврши согласно со законот по кое е склучен договорот за вработување во кој е утврдено времетраењето на пробната работа.

Член 19

Започнатите постапки за исплата на испратнината во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини, до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се завршат согласно со законот по кој биле започнати.

Започнатите постапки за исплата на плата на работникот- приправник, до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се завршат согласно со законот и колективниот договор по кој биле започнати.

Член 20

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за работните односи.

Член 21

Овој закон влегува во сила осмиот ден од  денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.